УДК 902

ISSN 2545-4528 (печатено)
ISSN 2545-4536 (електронски)

археолошки ИНФОРМАТОР

стручно списание од областа на археологијата

број 4

Археол. Инф. бр. 4, Прилеп, (2020) : 1-198.

АРХЕОЛОШКИ ИНФОРМАТОР 4
(2020)

Издавач
ЗГ МЕНЕЛАЈ - Прилеп

Уреднички одбор

(главен уредник)
Елица МАНЕВА
Филозофски факултет - Универзитет св. Кирил и Методиј - Скопје

(членови)
Бошко Ангеловски
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Зоран Рујак
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Струмица

Орданче Петров
ЈНУ Институт за старословенска култура - Прилеп

Александар Мургоски
ЗГ Менелај - Прилеп

Технички уредник и компјутерска обработка
Орданче Петров, Александар Мургоски

лектор на македонски
Виолета Крстеска

превод на англиски
Ѓурѓица Илиева Нацкова
Дејан Ѓорѓиевски
Ирена Теодора Весевска

тираж
100 примероци

печати
СТОБИ ТРЕЈД

достапно на
www.informator.com.mk

адреса на редакција
ул. Павел Шатев, 34 - Прилеп,
Република Македонија
инт. страна www.menelaj.mk, www.informator.com.mk
електронска пошта: arheoloski@informator.com.mk

Издавањето на овој број на списанието е финансиски помогнато преку Годишната програма за проекти од национален интерес на Министерството за култура за 2020 година

Република Северна Македонија
Министерство за култура

UDK 902

ISSN 2545-4528 (print)
ISSN 2545-4536 (online)

arheološki INFORMATOR

Academic Journal of Archaeology

volume 4

Archaeol. Inf. vol. 4, Prilep, (2020) : 1 - 198.

ARHEOLOŠKI INFORMATOR 4
(2020)

Publisher
NGO MENELAJ - PRILEP

Editorial Board

(Editor-in-chief)
Elica Maneva
Faculty of Philosophy - University of sts. Cyril and Methodius - Skopje

(editors)
Boško Angelovski
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Zoran Rujak
NI Institute for Protection of Monuments of Culture and Museum - Strumica

Ordanče Petrov
PRI Institute of Old Slavic Culture - Prilep

Aleksandar Murgoski
NGO Menelaj - Prilep

Technical editor and computer layout
Ordance Petrov, Aleksandar Murgoski

Macedonian proofreading
Violeta Krsteska

Translation in English
Djurdjica Ilieva Nackova
Dejan Gjorgjievski
Irena Teodora Vesevska

printed in
100 copies

printed by
STOBI TREJD

available on
www.informator.com.mk

journal address
Pavel Satev, 34 - Prilep,
Republic of Macedonia
web-site: www.menelaj.mk, www.informator.com.mk
e-mail: arheoloski@informator.com.mk

This volume of the Journal is financially supported by the Annual program of the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia for 2020

Република Северна Македонија
Министерство за култура

СОДРЖИНА

археолошки ископувања

ВЕЛУШКА ТУМБА КАЈ ПОРОДИН 9
Г. Наумов и други

АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПАВЛА ЧУКА 21
А. Јакимовски и други

ГРАДИШТЕ - ПЕШТЕРА
СЕЛО КИСЕЛИЦА, ДЕЛЧЕВО 33
Т. Нацев и Д. Стојановски

„ГРАДИШТЕ“ – БИСЛИМСКА КЛИСУРА 41
Д. Ѓорѓиевски

„ПЕНДИКОВЦИ“ ВО ВАРОШ - ОХРИД 49
Б. Таневски

археолошки рекогносцирања

ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА ЧЕБРЕН 59
А. Миткоски и Д. Темелкоски

конзервација и реставрација

ВАРДАРСКИ РИД - ГЕВГЕЛИЈА 75
Т. Нацев и Е. Сламков

МОЗАИЦИТЕ ОД
ТЕОДОСИЈАНСКА ПАЛАТА ВО СТОБИ 91
М. Тутковски

МОЗАИЦИТЕ ОД
ЕПИСКОПСКАТА БАЗИЛИКА ВО СТОБИ 99
М. Тутковски

CONTENT

archaeological excavations

20 **VELIŠKA TUMBA SITE NEAR PORODIN**
G. Naumov et all.

31 **ARCHEOLOGICAL SITE PAVLA ČUKA**
A. Jakimoski et all.

39 **GRADIŠTE - PEŠTERA**
VILLAGE OF KISELICA, DELČEVO
T. Nacev and D. Stojanovski

48 **“GRADIŠTE” – BISLIM GORGE**
D. Gjorgjievski

58 **PENDIKOVCI IN VAROŠ – OHRID**
B. Tanevski

archaeological survays

73 **HYDROELECTRICAL POWER PLANT ČEBREN**
A. Mitkoski and D. Temelkoski

conservation and restoration

89 **VARDARSKI RID - GEVGELIJA**
T. Nacev and E. Slamkov

98 **MOSAICS OF THE**
THEODOSIAN PALACE IN STOBI
M. Tutkovski

109 **MOSAICS OF THE**
EPISCOPAL BASILICA IN STOBI
M. Tutkovski

конзервација и реставрација

КОНЗЕРЕРВАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВИЖНИ НАОДИ ОД ВРБЈАНСКА ЧУКА **111**
Г. Стојанов

РЕСТАВРАЦИЈА И КОНЗЕРВАЦИЈА НА КУБУРА **117**
М. Филева

вариа

ИЗВОРОТ НА НЕОГЕНСКИОТ ВАРОВНИК ЗА ИЗГРАДБА НА ГРОБНИЦАТА ВО БРАЗДА **123**
М. Басотова

УШТЕ ЕДЕН РИМСКИ ВОЈНИЧКИ ГРОБ ОД ЛИХНИД **133**
Д. Спасова

АРХЕОЛОШКО ОТКРИТИЕ ЈУЖНО ОД ЦРКВАТА СВЕТА СОФИЈА ВО ОХРИД **141**
П. Кузман

ОМАЖ ЗА ПОСЛЕДНОТО ЖИВЕАЛИШТЕ И ВЕЧНОТО ПОЧИВАЛИШТЕ НА КАТАРИНА КАНТАКУЗИНА БРАНКОВИЌ ВО КОНЧЕ **163**
Е. Манева

прикази

ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА КРСТОСНИЦАТА НА КУЛТУРНИТЕ ИДЕИ: МАКЕДОНИЈА, БАЛКАНОТ, ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА – НАСЛЕДСТВО, МЕНАЏМЕНТ, РЕСУРСИ **179**
И. Теодора Весевска

ПРИКАЗ НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ANTIČNI NAGROBNI SPOMENIKI NA OBMOČJU MESTA SCUPI IN PODROČJU KUMANOVA: IZDELKI, PROIZVODNI CIKLI IN KUPCI“, ОДБРАНЕТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ЉУБЉАНА **183**
Д. Герасимовска

conservation and restoration

116 CONSERVATION AND RECONSTRUCTION OF MOVEABLE FINDS FROM VRBJANSKA ČUKA
G. Stojanov

121 RESTORATION AND CONSERVATION OF A FLINTLOCK
M. Fileva

varia

131 THE SOURCE OF THE NEOGENE LIMESTONE FOR BUILDING OF THE TOMB IN BRAZDA
M. Basotova

140 ANOTHER ROMAN MILITARY GRAVE IN LYCHNIDOS
D. Spasova

162 ARCHAEOLOGICAL DISCOVERY TO THE SOUTH OF THE SAINT SOPHIA CHURCH IN OHRID
P. Kuzman

177 HOMAGE TO THE LAST RESIDENCE AND THE ETERNAL HOME OF KATARINA KANTAKOUZENE BRANKOVIĆ IN KONČE
E. Maneva

reviews

181 INTERNATIONAL CONFERENCE REPORT: ON THE CROSS-PATH OF CULTURAL IDEAS: MACEDONIA, THE BALKANS, SOUTHEAST EUROPE – HERITAGE, MANAGEMENT, RESOURCES
I. Teodora Vesevska

187 REVIEW OF THE PHD DISSERTATION “ROMAN SEPULCHRAL MONUMENTS IN THE SCUPI AND KUMANOVO REGION: PRODUCTS, PRODUCTION CYCLES AND CLIENTS“, DEFENDED AT THE FACULTY OF PHILOSOPHY AT THE UNIVERSITY IN LJUBLJANA
D. Gerasimovska

FOLIA ARCHAEOLOGICA BALKANICA IV
IN HONOREM PROFESORIS, VIRI CLARISSIMI
AC DOCTISSIMI VIKTOR LILČIĆ ADAMS
Главен уредник Ратко ДУЕВ
Скопје: Филозофски факултет, 2019. стр. 9-631/
ISBN 978-608-238-163-3
J. Савеска

In memoriam

ИВАН МИКУЛЧИЌ **193**
АРХЕОЛОГ SUI GENERIS
(1936-2020)

FOLIA ARCHAEOLOGICA BALKANICA IV
IN HONOREM PROFESORIS, VIRI CLARISSIMI
AC DOCTISSIMI VIKTOR LILČIĆ ADAMS
Editor-in-chief Ratko DUEV
Skopje: Faculty of Philosophy, 2019. pp. 9-631.
ISBN 978-608-238-163-3
J. Saveska

In memoriam

198 IVAN MIKULČIĆ
ARCHAEOLOGIST SUI GENERIS
(1936-2020)

Бојан ТАНЕСКИ


ЗАШТИТНИ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА КАЈ
„ПЕНДИКОВЦИ“ ВО ВАРОШ - ОХРИД

Bojan TANESKI

RESCUE ARCHAEOLOGY EXCAVATION NEAR
„PENDIKOVCI“ IN VAROŠ - OHRID

УДК 902.2:[726.821:551.7(497.771)”65/653”

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид
bojantaneski@yahoo.com



Катастарската парцела 15669/3 се наоѓа во старото градско јадро на Охрид (Варош), на улица „Браќа Миладиновци“. Локацијата е интересна бидејќи се протега во непосредна близина на археолошкиот локалитет „Антички театар“, локалитетот „Караѓулевци“ - гробница од „македонски тип“ и црквата „Св. Богородица Пандонос“ (ил. 1).

На овој простор, до 70 - тите години на минатиот век, постоела приватна градба од семејството Пендиковци која е срушена на самата локација. Од периодот на рушење, па сè до денес, локалното население го употребувало овој простор за депонирање на градежен шут и современ отпад, што резултирало со насип во висина од околу 4 метри (ил. 1). Пред почетокот со рачен ископ, целиот овој шут беше отстранет со помош на механизација, до ниво на улицата „Браќа Миладиновци“.

Cadastral parcel 15669/3 is located in the former core area of Ohrid (Varoš), at the street of *Brakja Miladinovci*. This is an appealing location because it extends in the immediate vicinity of the archaeological site *Ancient Theatre*, the *Karaǵulevci* site – a tomb of the “Macedonian type”, and the church *St. Bogorodica Pandonos* (fig. 1).

Until the 1970s, this area contained a private building of the family Pendikovci, which was destroyed at the location. Ever since the period of destruction, up until today, the local population used this space for deposition of construction waste and modern debris, resulting in the creation of a bank with a height of about 4 metres (fig.1). Before starting excavation by hand, all of the debris was removed with the use of tools, until the level of the *Brakja Miladinovci* Street.



Ил. 1 - *Пред Истражување*

Fig. 1 - *Before the excavations*

Заштитните археолошки истражувања на оваа катастарска парцела беа иницирани од Барањето за изградба на приватен станбен објект и тие се изведоа во периодот февруари – мај, 2017 година, во правоаголна сонда со димензии 7 x 5 м, поставена во правец североисток – југозапад. Близината на „Антички театар“ ни овозможи да се надоврземе на квадратната мрежа од овој локалитет, со што истражувањата се одвиваа во квадратите А/1-8, А/1-11, А/1-12 и А/1-15.

Со археолошките истражувања на оваа катастарска парцела констатиравме постоење на културни хоризонти од средниот век, доцната антика, римскиот и македонско – хеленистичкиот период.

Поради близината на црквата Св. Богородица Пандонос, очекувано беше присуството на наоди од средниот век. Покрај движниот материјал, главно фрагменти од садова керамика, откривме и две инхумирани погребувања од овој период.


Погребувањето нумерирано со бројот 1 е лоцирано во источниот дел од квадратот А/1-12 (ил. 2). Скелетното погребување е изведено во едноставна гробна јама без конструкција. Покојникот е положен на грб, со правец на протегање југозапад – североисток (глава на

Rescue archaeology of this cadastral parcel was initiated with the Request for construction of a private residential facility and it took place in the period between February and May of 2017. Rescue archaeology was conducted with a rectangular trench with dimensions of 7 x 5 m, placed in the direction of northeast – southwest. The vicinity of the Ancient Theatre enabled us to connect to the square network of this site, with the research taking pace in the A/1-8, A/1-11, A/1-12 and A/1-15 squares.

The archaeological research of this cadastral parcel helped state the existence of cultural horizons of the medieval period, the Late Antiquity, the Roman and the Macedonian – Hellenistic period.


Due to the vicinity of the *St. Bogorodica Pandonos* church, the existence of medieval findings was expected. Other than the moveable finds, which were mostly fragments of pottery ceramics, we also discovered two inhumation burials of this period.

The burial enumerated with number 1 was located in the east of the A/1-12 square (fig. 2). The skeletal burial was conducted in a simple pit without a construction. The deceased was placed in a supine position, stretching from southwest – northeast (head placed southwest). The right leg was fully stretched,



Ил. 2 - *Гроб бр. 2*

Fig. 2 - *Grave No. 2*



Ил. 3 - *Гроб бр. 3*

Fig. 3 - *Grave No. 3*

југозапад). Десната нога е целосно испружена, а левата е благо превиткана во коленото кон надвор, стапалата се допираат и преклопуваат. Десната рака е поставена на стомачната празнина, додека левата рака во делот од подлактицата и дланката недостасува, односно е оштетена од некаков подоцнежен кружен упад (ил. 2). Остеолошкиот материјал е релативно добро сочуван, со исклучок на делови од черепот, левата рака и левата страна од градниот кош. Вкупната должина на скелетот изнесува 1,68 м. Во непосредна близина на покојникот откривме две бронзени монети со потекло од доцната антика (теренски инв. бр. М -

whereas the knee of the left leg was twisted outwardly, with the feet touching and overlapping. The right hand was placed on the abdomen, whereas the forearm and the hand of the left arm were missing, i.e. were damaged by some later circular intrusion (fig.2). The osteological material was relatively well preserved, with the exception of parts of the skull, the left arm and the left side of the rib cage. The total length of the skeleton amounts to 1.68 m. In the immediate vicinity of the deceased we discovered two bronze coins originating from the Late Antiquity (field inv. no. M-7 and M–8). Further research has shown that the coins originate from the layer of the burial.



Ил. 4 - *Фурна со ѝечка за леб*

Fig. 4 - *Furnace with bread baking part*

7 и М – 8). Понатамошните истражувања покажаа дека монетите потекнуваат од слојот во кој е вкопано погребувањето.

Погребувањето број 2 е лоцирано во јужниот дел од квадратот А/1-12, на 0,80 м југозападно од гроб 1, на речиси идентична надморска висина (Гроб 1 - ▼742,92; Гроб 2 - ▼742,81). Погребувањето е извршено во едноставна гробна јама без конструкција. Покојникот е положен на левата страна од телото, во згрчена положба, со правец на протегање североисток – југозапад (глава на североисток). Рацете се превиткани во лактите, со дланки поставени во близина на черепот. Во текот на погребувањето, нозете, во делот од потколениците и стапалата се отстранети и поставени пред градниот кош и стомачната празнина, со стапала кај карлицата (ил. 3). Остеолошкиот материјал е добро сочуван.



Ил. 5 - *Печка за ѝечење леб*

Fig. **5** - *Furnace for bread baking*



Ил. 6 - *Печка во фаза на исѝражување*

Fig. 6 - *Furnace that is currently being researched*

Burial number 2 was located in the south part of the A/1-12 square, at 0.80 m to the southwest of tomb 1, at almost identical elevation (Tomb 1 - ▼742.92; Tomb 2 - ▼742.81). The burial was conducted in a simple tomb pit without a construction. The deceased was placed on the left side of the body, in a contracted position, in the northeast – southwest direction (the head looking to the northeast). The arms were folded at elbows, with the hands placed near the skull. In the course of the burial, the lower legs and the feet were removed and placed before the rib cage and the abdomen, with the feet near the pelvis (fig.3). The osteological material is well preserved.



Ил. 7 - *Бронзена монета од Јустинијан I*

Fig. 7 - *Bronze coin from Justinian I*

При подигнувањето на черепот, наидовме на бронзена обетка со геометризиран гроздолик облик на средишната позиција, датирана во X – XI век (Манева 1992, 51) (тер. инв. бр. Ме – 2) (ил. 3).

Нивото на гробните јами и нивната близина, наведува на помислата дека се дел од иста некропола, со можна припадност на црквата Св. Богородица Пандонос. Сепак, останува отворено прашањето за ориентацијата, згрчената положба на покојникот и отстранувањето на нозете во гробот бр. 2.

И двете погребувања се вкопани во хоризонт од доцната антика, односно во рушевински слој од градба која потекнува од овој период. Наодот на печка за печење леб, во североисточниот агол од градбата, го одредува нејзиниот јавен карактер и функција на фурна (ил.4).

Фурната има правец на протегање североисток – југозапад, односно ја следи природната конфигурација на теренот. Со овие истражувања го откривме само нејзиниот северозападен дел (ил. 4; пл. 1). Северозападниот ѕид е откриен во должина од 6,80 м (кон југозапад продолжува кон соседната катастарска парцела), а североисточниот ѕид има должина од 2,70 м (продолжува кон југоисток под улицата „Браќа Миладиновци“). Ѕидовите се градени од кршен камен поставен во хоризонтални редови, врзан со варов малтер. Од внатрешната страна се малтерисани со порозен варов малтер, со изразито бела боја (ил. 11, 12).



Ил. 8 - *Бронзена монета од Јустинијан I*

Fig. 8 - *Bronze coin from Justinian I*

Having lifted the skull, we came across a bronze earring with a geometric grape-like shape in the middle, dated in the 10th-11th century (Манева 1992, 51) (field inv. no. Ме – 2) (fig. 3).

The level of the grave pits and their vicinity is indicative, leading to the conclusion that they are part of the same necropolis, with the possible belonging to the church of *St Bogorodica Pandonos*. However, what remains unresolved is the issue of the orientation, the contracted position of the deceased and the removal of the legs in grave number 2.

Both the burials have been dug into a horizon of the Late Antiquity, i.e. a rubble layer of a building originating from this period. The bread furnace found in the northeast angle of the building determines its public character and its function as a furnace (fig.4).

The furnace stretches in the northeast – southwest direction, i.e. it follows the natural configuration of the field. This series of research only revealed its north-western part (fig. 4; plan 1). The north-western wall was discovered for about 6.80 m (to the southwest it continues towards the neighbouring cadastral parcel), and the north-eastern wall has a length of about 2.70 m (it continues to the south-east under the *Brakja Miladinovci* street). The walls were built of broken stone placed in horizontal rows, bound in lime mortar. On the inside they are plastered in porous lime mortar with an intensely white colour (fig. 11, 12).



Ил. 9 - *Хоризонти од горетина, северозападно од фурната*

Fig. 9 - *Burnt soil horizons, to the northwest of the furnace*

Во североисточниот агол од фурната, при расчистување на рушевински слој од покривна керамика и компактен темнозелен плитар, на ▼742,15 наидовме на печка за печење леб (ил. 5, 6; пл. 1). Најверојатно има кружна форма, судејќи по тоа дека откриениот дел веќе формира повеќе од половина круг. Вкупниот дијаметар, во правец североисток - југозапад изнесува 3,20 м. Подот е поплочен со печени правоаголни тули со димензии 36 x 30 x 3,5 см, наредени во правилни хоризонтални редови во правец исток – запад. Надворешниот ѕид е поставен врз супструкција од неправилно наредени фрагменти од градежна керамика, врзани со глина. Тенкото ѕидно платно, до висина од 1,10 м, било направено од плитарни темнозелени тули со должина од 23 см и дебелина од 6 см, а во останатиот дел, калотата била формирана од фрагментирани тули врзани со прочистена глина (ил. 5, 6).


Движниот материјал откриен во рамки на фурната, особено двете бронзени монети, едната откриена во разлеаниот плитар до печката (инв. бр. М-29, 40 нумии, Константинопол, 527 – 537) (ил. 7), а другата во јужниот дел од сондата, врз самата здравица (инв.бр. М-30, 16 нумии, Тесалоника, 542 – 547) (ил. 8), упатува на нејзина изградба и употреба во текот на VI век, односно во времето на Јустинијан I (527-565)1. Во прилог на

1 Нумизматичкиот материјал е обработен од м-р Сања Битрак.

In the north-eastern part of the furnace, while clearing the rubble layer of roof ceramics and compact dark green adobe, at ▼742,15, we came across the bread furnace (fig. 5, 6; plan 1). Its shape was most probably circular, judging by the fact that the revealed part was already forming more than half a circle. The total diameter in the northeast – southwest direction amounts to 3.20 m. The floor has been paved with fired rectangular bricks with dimensions of 36 x 30 x 3.5 cm, placed in regular horizontal rows directed east-west. The external wall was placed on top of a substructure of irregularly placed fragments of construction ceramics, bound in clay. The thin wall fabric, until a height of 1.10 m, was made of dark green adobe bricks - 23 cm long and 6 cm thick, and in the remaining part, the calotte was formed of fragmented bricks bound in purified clay (fig. 5, 6).

The moveable finds discovered within the furnace and the two bronze coins, in particular – one of which was found in the spilled adobe next to the furnace (inv. no. M-29, 40 nummi, Constantinople, 527 – 537) (fig. 7), and the other one in the southern part of the trench, on the sterile ground itself (inv. no. M-30, 16 nummi, Thessalonica, 542 – 547) (fig. 8), point out to the 6th century as the time of its construction and use, i.e. the time of Justinian the I (527-565)1. The find of an almost identical furnace,

1 The numismatic material was processed by Sanja Bitrak, MA.



Ил. 10 - *Наоди од римски и македонско - хеленистички период*

Fig. 10 - *Small finds from roman and Macedonian-Hellenistic period*

оваа датација оди и наодот на речиси идентична печка, откриена при археолошките истражувања на локалитетот „Градиште“ крај с.Таор (Ристов 2019, 85-88).

Фундаментите од фурната се вкопани во темноцрвената стерилна земја - здравица, а на одредени делови се поставени врз природната карпа. Со вкопувањето се пресечени културни хоризонти од римскиот и македонско - хеленистичкиот период, главно, констатирани на просторот северозападно од фурната (ил. 9). Станува збор за хоризонти на горетина, во кои откривме само движен археолошки материјал (ил. 10). Со оглед на близината на „Антички театар“ и гробницата од „македонски тип“, наодите од овој период беа очекувани.

Со појавата на темноцрвената стерилна земја - здравица на целиот простор од сондата, ги завршивме археолошките истражувања на оваа катастарска парцела (ил. 11, 12; пл.1).

Откриената градба, вклучувајќи ја и печката за леб останаа in situ, со предлог тие да бидат вклопени во новопроектираниот објект.

Заклучни разгледувања

Истражувачките работи на КП 15669/3 – „Пендиковци“ започнаа со отстранување на насип

discovered in the course of the archaeological research of the Gradište site near the village of Taor, goes in favour of this dating (Ristov 2019, 85-88).

The foundations of the furnace have been dug into the dark red sterile ground, and in certain parts they were placed on top of the natural rock. The process of excavation has cut the cultural horizons of the Roman and Macedonian-Hellenistic period, mostly found in the area to the northwest of the furnace (fig. 9). These horizons are burnt soil, and in them we discovered only the moveable archaeological material (fig. 10). Taking into consideration the vicinity of the Ancient Theatre and the tomb of the Macedonian type, the finds of this period were expected.

The archaeological research of this cadastral parcel was completed with the appearance of the dark red sterile ground at the whole space of the trench (fig. 11, 12; plan 1).

The discovered building, including the bread furnace, were left in situ, and there was a suggestion for them to be fit into the newly projected facility.

In conclusion

The research of the cadastral parcel 15669/3 – *Pendikovci* started off with removal of a bank in



Ил. 11 - *Завршна фотографија на сонда, снимено од југ*

Fig. 11 - *Closing photograph of a probe, taken from the south*



Ил. 12 - *Завршна фотографија на сонда, снимено од запад*

Fig. 12- *Closing photograph of a probe, taken from the west*

во висина од околу 4 метри, настанат во современиот период.


Со цел да се добие појасна слика за вертикалната стратиграфија, контролната сонда со димензии 5 x 2,5 м првично беше поставена во југоисточниот дел од локацијата, во близина на улицата „Браќа Миладиновци“. Откриените ситуации и појави во оваа сонда, условија проширување на сондата на целиот простор предвиден за изградба на станбениот објект, со што сондата доби димензии од 7 x 5 метри.

При истражувањето, констатиравме културни хоризонти од средниот век, доцната антика, римскиот и македонско - хеленистичкиот период.

the height of about 4 metres, one that has occurred in modern times.

In order to get a clearer picture of the vertical stratigraphy, the controlling trench with dimensions of 5 x 2.5 m was initially placed in the south-eastern part of the location, near the *Brakja Miladinovci* Street. The discovered situations and phenomena in this trench led to stretching of the trench at the whole area foreseen for construction of the residential facility, thus giving the trench dimensions of 7 x 5 metres.

In the course of research, we identified cultural horizons of the medieval period, the Late Antiquity, the Roman and the Macedonian – Hellenistic period.



Пл.1 - *План на Фурна со ѕечка*

Plan 1 - *Plan of the furnace*

Средниот век беше присутен преку две скелетни погребувања во едноставна гробна јама, датирани врз основа на бронзената обетка од гробот бр. 2 во X – XI век н.е.

Двете погребувања се наоѓаа на приближно исто ниво, вкопани во рушевински слоеви од градбена целина – фурна со печка за печење леб, датирана во времето на Јустинијан I (527 -565).

При изградбата на овој објект се пресечени културни хоризонти – горетина и слоеви од кафеава замја, од римскиот и македонско-хеленистичкиот период.

Сондата ја истраживме до ниво на темноцрвената стерилна земја - здравица, со што просторот предвиден за градба беше целосно

The Medieval century was present through two skeletal burials in a simple grave pit, dated on the basis of the bronze earring of tomb no. 2 in the 10th-11th century.

The two burials were placed at approximately the same level, dug into rubble layers of a construction entity – a bread furnace, dated in the era of Justinian I (527 -565).

The process of building cut into the cultural horizons – burnt soil and layers of brown earth, from the Roman and Macedonian-Hellenistic period.

The trench was researched up until the layer of dark red sterile ground, thus fully researching the area foreseen for construction. The furnace and the bread baking part shall remain in situ, with

истражен. Фурната и печката остануваат in situ, со предлог за нивно вклопување во предвидениот станбен објект.

Иако локалитетот „Антички театар“ се наоѓа во непосредна близина на оваа катастарска парцела, при овие истражувања не наидовме на никакви елементи кои би укажале на негово ширење и на овој простор.

Од погореизнесеното може да констатираме дека просторот е интензивно употребуван во периодот од III век пр.н.е., па сè до современиот период, со што повторно ја потврдивме вертикалната стратиграфија присутна на голем дел во старото градско јадро - Варош во Охрид.

a suggestion for their digging into the foreseen residential facility.

Although the site of Ancient theatre is located in the immediate vicinity of this cadastral parcel, this series of research did not come across any elements that would point out to its spreading towards this area.

All of the above helps us conclude that this area was intensely used in the period from the 3rd century B.C. until the modern period, thus reconfirming the vertical stratigraphy largely present in the old city core – Varoš in Ohrid.

БИБЛИОГРАФИЈА / BIBLIOGRAPHY

Битракова Грозданова, Вера. 1987. „Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија“. Скопје.

Битракова Грозданова, Вера. 2017. „Лихнид и Десаретија“. Скопје.

Кузман Паско и Димитрова Елизабета.2010.„Охрид sub specie aeternitatis“. Охрид. 58 – 61.

Манева, Елица. 1992. „Средновековен накит од Македонија„. Скопје. 51.

Ристов, Киро. 2019. „Таор Рановизантиско утврдување и населба од праисторијата до средниот век“. Скопје. 85 – 88.